РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-4564/1
25.06 2009 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 35 став 2, а во врска со член 185 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08 и 26/09) и член 220 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 38/05 и 110/08), Министерот за образование и наука донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на приватна високообразовна установа Бизнис академија Смилевски - БАС во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на приватната високообразовна установа „Бизнис академија Смилевски – БАС“ во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

По добивањето на Решението за акредитација на Проектот ДЕТРА центар Скопје за основање на приватната висока стручна школа за бизнис менаџмент „Академија Смилевски“ во Скопје од страна на Одборот за акредитација број сл. 12 од 29.05.2007 година и по добивањето на привременото решение за почеток со работа бр. 12-4416/2 од 06.06.2008 година од страна на Министерот за образование и наука, Основачот се обрати до Министерството за образование и наука со барање бр. 03/47 од 28.11.2008 година за остварување увид за исполнетоста на условите за почеток со работа на високообразовната приватна установа Бизнис академија Смилевски -БАС во Скопје.

По извршениот увид, Комисијата поднесе Извештај број 12-9930/3 од 10.06.2009 година до Министерот за образование и наука за исполнетост на условите за почеток со работа на приватната високообразовна установа „Бизнис академија Смилевски – БАС“ согласно Законот за високото образование и Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**Перо Стојановски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ

**Доставено до:**
- **примач**
- **архива**